Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 33, 15 декември 2009 година

декември 2009 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по група предмети за наставно-научно подрачје правни науки на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ................................ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на д-р Толе Белчев во звањето доцент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............................................................................................11

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА Д-Р ТОЛЕ БЕЛЧЕВ ВО ЗВАЊЕТО ДОЦЕНТ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Советот на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев " во Штип нè определи за членови на Рецензентската комисија по пријавата на д-р Толе Белчев на Конкурсот за избор во сите звања за наставно-научната област **македонски јазик и книжевност**, распишан во двобројот на весникот „Дневник" од 31 октомври и 1 ноември 2009 година. Изразувајќи му благодарност на Советот на Филолошки факултет при УГД за довербата, му ја доставуваме на разгледување и на усвојување наредната

**И З В Е Ш Т А Ј**

Кандидатот **д-р Толе Белчев** е роден на 19 јули 1950 година. Во Скопје завршува основно училиште во ОУ „Братство и единство" (1966 г.), средно училиште во Гимназија „Кочо Рацин" (1969 г.) и високо образование на Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" (1979). По одбраната на трудот „Роматизмот во Источна Европа - Русија - Полска и романските држави", во 1996-2000 година се запишува на докторски студии од областа на филологијата - книжевноста и на 14 декември 2000 год. во Универзитетот во Крајова (Романија) јавно ја одбранува докторската дисертација *„Влијанието на рускиот и полскиот романтизам врз романтичарите од романските држави".* Труд кој ги задоволува докторските стандарди врз кои е изработен и кој претставува несомнен придонес во областа на науката за книжевноста.

На македонската научна јавност д-р Толе Белчев е познат по својата работа од областа ма лексикографијата, зад себе го има Речникот на странски зборови во македонскиот јазик, лексиконот за туѓи зборови (обемен лексикографски труд), каде што авторот дава толкување и преглед на туѓата лексика во македонскиот јазик. Кон ова се придружуваат статиите што ги пишува за македонскиот јазик во романското списание „Шагетаторум" и во романскиот печат.

Д-р Толе Белчев еден дел од својот работен век (25 години) го поминува како генерален секретар на Меѓународниот семинарот за македонски јазик, литературира и култура. Работи како професор по македонски јазик на Универзитетот во Крајова (Романија), исто така и како технички директор на Семинарот за албанологија во РМ.

Во 2007 година е избран во наставно-научното звање доцент на Универзитетот во Тетово. Тој е професор на Универзитетот во Тетово по предметите: Лингвистика, Компаративна граматика и Старословенски јазик. Исто така, тој ги предава и предметите Српски јазик и Руски јазик.

Кандидатот д-р Толе Белчев пет години работи во МТВ како професионален преведувач и преведува преку 150 играни и документарни филмови од руски, чешки, полски и украински јазик.

Тој има извонредна долгогодишна соработка со професори и со студенти од областа на филологијата, фолклорот, историјата, филозофијата, антропологијата, речиси во сите светски лингвистички центри каде што се изучува македонистиката. Има активно познавање на: руски, полски, украински, романски, бугарски и српскијазик, а пасивно познавање на грчкиот и англискиот јазик.

Во процес на изработка е речникот на турцизми, дијалектизми и ретко употребувани зборови во македонскиот јазик, а исто така и албанско-македонски и македонско-албански речник (заедно со д-р Кемал Мурати).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Активностите на д-р Толе Белчев покажуваат дека станува збор за професор кој има долгогодишно искуство во меѓудржавната соработка во областа на македонстиката, се карактеризира како конструктивен и толерантен соработник, посветен во обучувањето кадри и во имплементацијата на научните сознанија во наставниот процес.

Врз основа на сето гореизложено, со задоволство препорачуваме да ја прифатите оваа рецензија и **да го изберете д-р Толе Белчев во звањето доцент од областа македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.**

**Рецензентска комисија**

**Д-р Снежана Веновска-Антевска, научен советник, с.р.**
**Д-р Димитар Пандев, ред. професор, с.р.**
**Д-р Виолета Димова, вонреден професор, с.р.**

**ТАБЕЛА**

**за вреднување на активностите на доц. д-р Толе Белчев, доцент, во 2009 година, според критериумите дадени со Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Предавања (2+2+2+2)x1,5+4=16 | 12+4 | 1,5 | 24 |
| Вежби (1+2+1+1) | 5 | 0,2 | 1 |
| | | | **25** |
| | | | |
| **Научноистражувачка активност (НИ)** | | | |
| Одобрена докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| | | | **8** |
| | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | |
| Речник | 1 | 4/6 | 4 |
| Труд во стручно (научно-популарно) списание | 3 | 2 | 6 |
| Труд во стручно (научно-популарно) списание | 3 | 3 | 9 |
| | | | **19** |
| | | | |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | | | **52** |